МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 29 став (2) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр.39/06, 89/08, 171/10 и 53/11), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КОЛИЧЕСТВАТА НА СЕМЕНСКИ И САДЕН МАТЕРИЈАЛ ОД ВИДОВИ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИ РАСТЕНИЈА ВО ОРИГИНАЛНО ПАКУВАЊЕ КОИ МОЖАТ ДА СЕ УВЕЗУВААТ ЗА ЛИЧНА УПОТРЕБА

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат количествата на семенски и саден материјал од видови на земјоделски растенија во оригинално пакување кои можат да се увезуваат за лична употреба.

## Член 2

Семенски материјал и саден материјал наменет за лична употреба може да увезуваат лица кои не се регистрирани како снабдувачи на семенски и саден материјал во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство-Управа за семе и саден материјал, ако количеството на семенскиот и садниот материјал не надминува:

А) Житни растенија

| | |
|---|---|
| - пченка | до 1 кг. |
| - сирак | до 1 кг. |
| - останати видови | до 1 кг. |

Б) Маслодајни и влакнодајни растенија

| | |
|---|---|
| - за сите видови | до 2 кг. |

В) Фуражни растенија и репа

| | |
|---|---|
| - семенска мешавина | до 2 кг. |
| - моногерно семе од репа | до 2 кг. |
| - полигермно семе од репа | до 5 кг. |
| - останати видови | до 5 кг. |

Г) Градинарски растенија

| | |
|---|---|
| - мешункасти видови | до 2 кг. |
| - кромид, шпаргла, блитва | до 100 гр. |
| - цвекло, репка, бостан, тиква | до 100 гр. |
| - шеќерна пченка и пуканки | до 100 гр. |
| - морков, ротквица и спанаќ | до 5 гр. |
| -домати и пиперки | до 5 гр. |
| - останати видови | до 50 гр. |

Д) Саден материјал од овошни растенија

| | |
|---|---|
| - дрвенасти овошни растенија од сите видови | до 30 броја - |
| јагодести растенија | до 50 броја |

| | |
|---|---|
| Ѓ) Саден материјал од винова лоза | до 30 броја |

**Член 3**

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за количествата на семенски и саден материјал од видови на земјоделски растенија во оригинално пакување кои можат да се увезуваат за лична употреба(„Службен весник на Република Македонија" бр.107/11).

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 18-2/2 Министер,
март 2012 година Љупчо Димовски, с.р.
Скопје